# THE ROLE OF THE PUBLIC PROSECUTOR IN CRIMINAL PROCEDURE

**Svetlana Veljanovska, Ph.D**
Faculty of law -Kichevo, Bitola, Macedonia svetlanaveljanoska@hotmail.com
**Sasha Dukoski, Ph.D**
Faculty of law –Kichevo, Bitola, Macedonia sashadukoski @hotmail.com

**Abstract:** The subject of this paper is the action of the public prosecutor in criminal proceedings. Special emphasis will be given to procedures for organized crime as a specific area in a criminal justice system especially now when there are significant changes in the criminal proceedings relating to the actions of the public prosecutor and its role in the reform and implementation of the new Law on Criminal Procedure from the year 2013.
Until the punishment reforms from 2010, particularly since the end of 2013, when the implementation of the new criminal procedure code, the role of the Public Prosecutor was very important, but not that dominant. The public prosecutor was performing the preliminary investigation but the investigating judge decided on his proposals to direct the investigation, and then the role of decision making was left to the judges. Only after conducting the investigation the public prosecutor could indict or not, and if he did, then it was decided by the judge who handled the case.
What had to change was abandoning that classic way of the procedure, on one side, separation of the police and the prosecutors from the courts and delegating certain guidelines fortreatment, and second because the investigative judges were not able to find the way of acting in the process, on the prosecution to be given more dominant role in the whole criminal justice process.
The goal to be achieved with this paper is to perceive the role of the public prosecutor to undertake certain actions in the preliminary investigation and during the investigation procedure for the prevention or detection perpetrators of such crimes and whether such new and amended concept of criminal procedure is good, especially in the past procedure and in the investigation procedure. What is his contribution to the efficient and effective enforcement of criminal law policy, what are the pros and cons and where to expect improuvements. We will also try to point out the concrete steps to be taken in order for a more efficient fight against organized crime and protecting of fundamental human rights and freedoms.
**Keywords:**organized criminal, offenders, investigation, public prosecutor, judicial police.

# УЛОГАТА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

**Проф. д-р Светлана Вељановска**
Правен Факултет Кичево УКЛО Битола, Македонија svetlanaveljanoska@hotmail.com
**Проф. д-р Саша Дукоски**
Правен факултет Кичево УКЛО Битола, Македонија sashadukoski @hotmail.com

**Абстракт:** Предмет на обработка на овој труд е постапувањето на Јавниот обвинител во кривичната постапка. Посебен осврт ќе биде даден на постапките за организиран криминал како една специфична област во казнено-правениот систем посебно сега кога има значајни промени во кривичната постапка кои се однесуваат на дејствијата на Јавниот обвинител и неговата улога со реформите и примената на новиот Закон за кривична постапка од 2013 година.
Се до казнените реформи од 2010 година, поточно од крајот на 2013 година, кога започна примената на новиот Закон за кривична постапка, улогата на Јавниот обвинител беше значајна, но не толку доминантна. Јавниот обвинител ја работеше предистражната постапка но истражниот судија одлучуваше за неговите предлози и раководеше со истражната постапка, а потоа улогата за донесување на пресуди им беше препуштена на судиите. Единствено по спроведената истражна постапка Јавниот обвинител можеше да поднесе обвинение или не, а доколку истиот поднесеше, после него одлучуваше судијата што постапува по предметот.
Она што мораше да се промени беше напуштањето на тој класичен начин на водење на постапката, од една страна, одвојување на полицијата и обвинителството од судовите и делегирање на определени насоки за постапување, а од друга страна поради неснаоѓањето на истражните судии во целиот тој процес - на обвинителството да му се даде подоминантна улога во целиот казнено-правен процес.

Целта што треба да се постигне со овој труд е да се согледа улогата на Јавниот обвинител за преземање одредени дејствија во предистражната и во истражната постапка за превенција или за откривање сторители на ваков вид кривични дела и дали ваквиот нов и изменет концепт на кривична постапка е добар, посебно во делот на претходната и на истражната постапка. Каков е неговиот придонес за ефикасно и ефективно спроведување на казнено-правната политика, кои се добрите и лошите страни и каде може да се очекува подобрување. Исто така ќе се обидеме да укажеме на конкретни чекори кои треба да се преземат се со цел за поефикасна борба против организираниот криминал и заштита на основните човекови слободи и права.
**Клучни зборови**: Организиран криминал, сторители, истражна постапка, јавен обвинител, правосудна полиција.

## 1. ВОВЕД

Секоја држава, па и нашата, се стреми кон што поквалитетно законодавство, кое би резултирало со помал обем на криминал - посебно организираниот - и можноста за негово сузбивање или спречување. Поради тоа, Македонија одсекогаш била во потрага по една модерна и ефикасна казнена постапка, во која од една страна би се почитувале основните човекови слободи и права кои се уставно загарантирани, а од друга страна истата ќе биде ефикасна и ќе гарантира заштита.

Стариот модел што го имавме пред казнените реформи од 2010 година беше заснован на традиционалните сфаќања дека судот мора да ја утврди материјалната вистина, а притоа и да ја води и истрагата како еден од најбитните делови на казнено -правниот систем. Тука мораше да се води сметка и за интересот на државата, службеноста на судот, постапката која беше и долга и скапа. Со напуштање на стариот модел на казнена постапка и со менување на истата, сега целата улога се насочува кон Јавниот обвинител. Со новото законско решение постапката станува акузаторна, со нагласена улога на Јавниот обвинител, процедурална правичност и пред се контрадикторност при главната расправа. На тој начин, со новиот ЗКП во целост се менува концептот на досегашната инквизаторна постапка, која беше во целост замислена како истрага на судот.

Затоа е битно да се разбере дека новиот казнено-правен систем е многу повеќе од една обична замена на судската истрага со јавно-обвинителската.

Тоа и ќе биде наша основна цел - да ја согледаме токму таа нагласена улога на Јавниот обвинител во казнено-правниот систем, а посебно во постапките за организиран криминал. Колку новите законски измени и зголемената активна улога на Јавниот обвинител доведуваат до поефикасно и поефективно спроведување на казнено-правната политика, а во исто време колку и дали се успева во заштитата на основните права и слободи на човекот загарантирани со Устав и со законите.

## 2. КУСА КОМПАРАЦИЈА НА СТАРИОТ И НОВИОТ ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Кога постои сомневање за сторено кривичното дело за кое е пропишана казна затвор над пет години, покренување на истрагата е задолжително. Во претходното законско решение пред казнените реформи од 2010 година, а кои се спроведуваат од месец декември 2013 година, истражниот судија ја завршуваше истрагата кога ќе најде дека состојбата на работите во истрагата е доволно разјаснета. По завршената истрага истиот ги доставуваше списите до Јавниот обвинител, кој беше должен во рок од петнаесет дена да стави предлог да се дополни истрагата, да подигне обвинителен акт или да даде изјава дека се откажува од гонењето.

Една од главните причини за напуштање на истражниот судија е тоа што тој се покажа како неефикасен и во двете улоги: не собираше многу нови докази различни од оние што претходно веќе ги собрале органите на откривање и за гонење, ниту пак, ефикасно ги штитеше правата и слободите на поединецот[167]. Од овие причини истражната постапка сега се префрла во рацете на Јавниот обвинител, доказите не се изведуваат, туку само се собираат од негова страна а за прв пат се изведуваат на главната расправа пред судот, кој пак, претходно ништо не знае за доказите, освен во посебно определени случаи каде што може да се спроведе посебно доказно рочиште. Со тоа претходната постапка значително се забрзува, а се нагласува и значењето на главната расправа како централен дел на кривичната постапка каде што доказите се презентираат во јавна и контрадикторна расправа, што е битно за едно правично судење.

Законот има различен концепт на истражните дејствија од постојниот ЗКП, бидејќи доследно имплементирање на новиот концепт не подразбира сослушување на сведоците и вештаците во смисла на

[167] Прирачник за Законот за кривична постапка, МВР Биро за јавна безбедност, Центар за обука, јануари 2012 година, стр 9

изведување на доказите уште во истрагата, туку истите се изведуваат пред суд во главната расправа, а нивните искази не може да се читаат како досега, туку се дава можност и за испитување на истите преку вкрстеното испитување.

Повеќето современи држави водењето на целата истрага му го доверуваат на Јавното обвинителство, во тесна соработка со полицијата и со специјализирани органи кои работат на анализа, следење и откривање различните форми на криминалот и на корупцијата. Со цел самото да стане респектабилна институција која ќе гарантира заштита на основните човекови права како и владеењето на правото, Јавното обвинителство се повеќе се наметнува како посебен и самостоен орган на правосудството, дистанцирајќи се од извршната власт, чиј концепт беше усвоен и во новото Законско решение.

Полицијата и другите органи со посебни овластувања работат под раководство на Јавното обвинителство но и натаму уживаат определена автономија и ги водат полициските увиди самостојно и по сопствена иницијатива. Со известувањето или предавањето на пријавата на Јавниот обвинител, не значи дека полицијата се повлекува од случајот. Напротив, низ поблиска соработка со Обвинителството пријавите се покомплетни, добиваат на квалитет, поквалитетно се успева на суд.

## 3. ИСКУСТВА ОД СУДСКАТА ПРАКТИКА

Во текот на 2013 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, примило 136 нови кривични пријави против 478 полнолетни сторители на кривични, а додека за малолетни сторители на кривични дела не се примени пријави. Исто така обвинителството[168] постапувало и по нерешени кривични пријави од претходните години за 31 лице, со што ова обвинителство во 2013 година постапувало по вкупно 509 кривични пријави против полнолетни сторители. По однос на структурата на подносители на кривичните пријави во 2013 година таа е следната: Министерство за внатрешни работи против 388 лица или 81,17 %, Министерство за финансии против 23 лица или 4,81 %, Царинска управа против 11 лица или 2,30%, други државни органи против 34 лица или 7,11 %, други Јавни обвинителства против 16 лица или 3,35 % и ова Јавно обвинителство против 3 лица или 0,62 % а исто така има поднесено пријава од страна на физичко лице против 1 лице или 0,20%.[169]

Во 2012 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, примило 116 нови кривични пријави против 388 полнолетни сторители на кривични дела и една кривична пријава против непознат сторител, а не примило пријави за малолетни сторители. Исто така Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2012 година постапувало и по нерешени кривични пријави од претходните години за 42 лица, со што ова обвинителство во 2012 година постапувало по кривични пријави против 430 полнолетни сторители на кривични дела. Структурата на подносители на кривичните пријави во 2012 година е следната :

- Министерство за внатрешни работи против 275 лица или 70,87 % , Министерство за финансии против 17 лица или 4,38 % , други државни органи против 2 лица или 0,51 %, други јавни обвинителства против 84 лица или 21,65, ова Јавно обвинителство против 8 лица или 2,08 % и едно правно лице поднело кривична пријава против 2 лица или 0,51%.[170].

*Табела бр. 1: Бројот на кривични пријави примени во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал по години.*

| | 2012 година | | 2013 година | | 2014 година | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на примени кривични пријави | број | лица | Број. | лица | број | лица |
| | 116 | 388 | 136 | 478 | 169 | 374 |
| Од претходните години | / | 42 | / | 31 | | 82 |
| Вкупно | | 430 | | 509 | | 503 |

Извор: Годишни извештаи од Основното јавно обвинителство на РМ

[168] Основно јавно обвинителство за гонење на сторители од областа на организираниот криминал и корупција
[169] Годишен извештај на Јавното обвинителство на РМ за 2013 година
[170] Годишен извештај на Јавното обвинителство на РМ за 2012 година

Во прикажаната табела јасно е дека бројот на кривични пријави кои се примени се зголемува од година во година, а исто така се зголемува и бројот на пријавени лица, освен во 2014 година кога вкупниот број на пријавени лица е намален во споредба со 2013 година. Евидентно е дека бројот на нерешени кривични пријави против лица од 2012 во 2013 година е намален на 31 лице, за разлика кога во 2014 е зголемен на 82 лица.

## 4. КОИ СЕ СОЗНАНИЈАТА ОД ОВА ИСТРАЖУВАЊЕ?

Во однос на хипотезите кои ги поставуваме може да се констатира следното:

- ✓ ***Односот и соработката на полицијата и јавното обвинителство, како и неговата организациона поставеност доведува до поефикасно откривање и гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал;***
- ✓ ***Формирањето на правосудната полиција придонесе да се откријат голем број на кривични дела од организираниот криминал и нивните сторители;***

Бројот на поднесени кривични пријави од страна на Министертсвото за внатрешни работи, за разлика од другите органи како што се Министерството за финасии, Царинската управа и др., како и зголемувањето на бројот на откриени и пријавени лица укажува на одличната соработка на јавното обвинителство и полицијата и откривање на сторители на организиран криминал-што значи дека оваа посебна хипотеза ***се потврдува***

- ✓ ***Истражните центри и нивното функционирање доведува до изнаоѓање на докази со кои можат да се откријат трагите и чинителите на сериозните кривични дела од областа на организираниот криминал.***

Во врска со вака поставената хипотеза во текстуалните Годишни извештаи кои имавме можност реално да ги истражуваме не најдовме доволен број на податоци како се собирани доказите и колку истражните центри во Република Македонија придонесуваат за ефикасност во изнаоѓање на несоборливи докази, но имајќи го во предвид големиот и висок процент на јавно обвинителски одлуки кои резултираат со голем процент на првостепени осудителни предмети, а при тоа имајќи во предвид дека истражните центри се формирани со цел да се пронајдат и обезбедат несоборливи докази може да се заклучи дека во недостаток на податоци оваа посебна хипотеза ***делумно се потврдува***.

- ✓ ***Улогата на Јавниот обвинител во претходната и истражната постапка го забрзува процесот на спроведување на истата***;

Имајќи ги во предвид бројот на донесени наредби за спроведување на истрага и завршени истраги во 2014 кој изнесува 53,1%, а сеуште незавршени за 46,9%, а при тоа во 2013 година процентот за завршените истраги кој изнесува 90,91%, а незавршени 9,09% и во 2012 година процентот на завршени истраги од 70,98% и незавршени 29,02%, при тоа знаејќи дека јавниот обвинител во целост му предлага на истражниот судија барања и му доставува предлози за изведување на докази покажува дека ажурноста на јавниот обвинител во претходната постапка е зголемена. Ако се земе во предвид и зголемениот процент на наредби за претходно прибирање на известувања, се укажува на зголемена ажурност и посветеност на јавниот обвинител да спроведува претходна постапка, но не и да го забрзува процесот на спроведување на истата, што резултира со заклучок дека и оваа посебна хипотеза ***делумно се потврдува.***

- ✓ ***Можноста за забрзани законски решенија на предмети со помирување, спогодување, се намалува времетраењето на кривичната постапка во предметите за организиран криминал;***

Истражувањето покажа дека голем број на предмети во постапките за организиран криминал се решени во претходна постапка и тоа 34,2%, по спроведена истрага 64,7%, а додека 0,9% по поднесено обвинение, што укажува на голем процент на забрзување на самите постапки, скратување на времетраењето на самата постапка и зголемување на ефикасноста на кривичната постапка што ја води јавниот обвинител што укажува дека оваа посебна хипотеза ***се потврдува.***

Сето ова укажува на фактот дека организираниот криминал е специфична појава која успешно егзистира во целиот свет уште повеќе што можноста за постигнување на економски бенифит и постигнување на моќ во било која смисла условува и соработка со државниот апарат вовлекување и поврзување на нелегалната активност со легалната свера на бизнисот, политиката, функционирањето на државните органи, банкарството. Ваквата поставеност допринесува за што е можно помал обем на откриен криминал и помал број на лица сторители изведени пред лицето на правдата. Токму организираноста, спремноста, поставеноста и подготвеноста на Јавниот обвинител како единствен гонител на сторители на вакви кривични дела е единствен и клучен излез од кругот на мафијата. Улогата на Јавниот обвинител со вака поставениот казнено правен систем, можноста за преземање на конкретни чекори за откривање и сузбивање на организираниот криминал придонесува да воспоставиме владеење на право. Јавниот

обвинител има свои начела на постапување и во никој случај самиот не треба да ги заборави. Истакнувањето на независноста на Јавниот обвинител и во секој случај дистанцирањето од законодавната и извршната власт значително би придонеле да се воспостават практики за законито постапување што секако ќе резултира со навремено, брзо и ефикасно откривање и санкционирање на сторителите на делата од организираниот криминал и корупцијата со што ќе се воспостави владеење на право.

Со воспоставување на ваков казнено правен систем сметам дека улогата на Јавниот обвинител се зајакнува, доаѓа до израз неговата спремност и ефикасност во собирање на несоборливи докази за сторителите на организираниот криминал.

Подршката од државата, поединците и општетсвото во целина, како и истакнувањето на моралните вредности на носителите на оваа функција ќе придонесе за што е можно поефикасно и ефективно спроведување на правдата. Давањето на еднаквост на оружјата како на Јавниот обвинител во собирањето на доказите така и на одбраната ќе придонесе за развивање на казнено правниот систем каде би се гарантирале човековите слободи и права, со тоа и бројот на сторители на казнени дела од корпусот на организираниот криминал би се намалил.

## 5. ЗАКЛУЧОК

За успешно и ефикасно остварување на функцијата Јавен обвинител значајно е да се обезбедат услови за професионално регрутирање и напредување на носителите на функцијата на кривичен прогон, воведување критериуми за напредување во кариерата, разумни услови во однос на нивниот статус и наградување, како и средства за нивна лична безбедност. Со новиот Закон се зајакнува самостојноста на овој орган и незвисноста во однос на извршната власт, особено преку предложеното решение за траен мандат на замениците на јавните обвинители, освен на ниво на основното јавно обвинителство, кои би имале траен мандат по првиот шестгодишен мандат. Се воспоставува и Совет на јавното обвинителство. Вршењето на функцијата Јавен обвинител е регулирано со Кодекс на однесување, во насока на утврдување редовна внатрешна контрола и стандардизација на професионалното однесување на јавните обвинители.[171]

## БИБЛИОГРАФИЈА

[1] Ангелески.М., ***Основни криминалистички теоретски проблеми на борбата против организираниот криминалитет***, Научен проект, Правната држава и организираниот криминал, Скопје, 1996

[2] Вељановска., С. ***Судски систем*** , Кичево 2014

[3] Димитров.Д.,, ***Економски деликти*** Скопје, 1998

[4] Игњатовиќ,Ѓ., ***Организовани криминалитет и етничка припадност***, Правни живот, Београд бр.9, 2008

[5] Игњатовиќ Ѓ, ***Земјите во транзиција и организираниот криминалитет***, Годишник на Факултет за безбедност, 2001

[6] Камбовски,В., ***Организиран криминал***, Скопје 2005 година,

[7] Лопандиќ,Д., М.Јањевиќ, **Споразум из Шенгена-за Европу без граница**, Београд, 1996 година,

[8] Маринковић,М., ***Сузбијање организованог криминала,*** ПРОМЕТЕЈ, Нови Сад, 2010

[9] Матовски,Н., ***Десет години примена на закон за кривична постапка на Република Македонија,*** Македонска ревија за казнено право и криминологија УДК 343 14 бр. 2, Септември 2007 Охрид,

[10] Милошевиќ,М., **Посебни доказни постапки во борбата против организираниот криминал,** Адвокатура бр.22, Скопје 2007 год,

Закони

[11] Закон за јавно обвинителство Сл.весник на РМ бр.150 од 12.12.2007 година

[12] Закон за кривична постапка Сл.весник на РМ. Бр.150 од 18.11.2010 година

[13] Закон за изменување и за дополнување на Законот за полиција „Службен весник на Република Македонија“ бр.33/15

[171] Национална стратегија за интергација на Република Македонија во Европската Унија, Влада на Република Македонија, Скопје 2004, стр 185